**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-88/4**

**Скопје, 22.01.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА МАКЕДОНСКИ БРОД**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Македонски Брод за 2005 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Македонски Брод за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - д-р Лазо Станковски, градоначалник на општина Македонски Брод до 12.04.2005 година, и
   - Милосим Војнески – градоначалник на општина Македонски Брод од 13.04.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 09.11. до 10.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела**

10.1.1. Спротивно на член 36 и 37 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Градоначалникот нема одредено одговорен сметководител и предложено до Советот да назначи внатерешен ревизор. Ова е поради неусогласеност на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација со законската регулатива, чии измени не се поставени на дневен ред и Советот не расправал по истите. Непочитувањето на законските прописи и неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови придонесува за незаконско работење на единицата за локална самоуправа и неможност за пополнување на оптимално потребните работни места.
**Препорака:**
Градоначалникот и Советот да воспостават услови за функционирање на надлежните органи и примена на законските одредби.

10.1.2. Во сметководството на Буџетот на општина Македонски Брод не е воспоставена евиденција на побарувањата по основ на надомест за комунално уредување што општината ги наплатува од населението по основ на дадени дозволи за уредување на градежно земјиште. Неевидентирањето на побарувањата во моментот на нивното настанување е спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на работење придонесува да се нема реална состојба на побарувањата и приходите по овој основ.
**Препорака:**
Службите на општина Македонски Брод да донесат пишани процедури за евидентирање, наплата и обезбедување на наплатата на надоместот за комунално уредување на градежно земјиште.

**10.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.2.1. Ревизијата не се увери во релноста и објективноста на Даночните приходи во делот на подставката Даноци на промет на недвижности и права кои во Билансот на приходи и расходи се проценети во износ од 664 илјади денари. Имено, данок на промет на недвижности и права не се утврдува и наплаќа согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. Исто така утврдувањето на вредноста на недвижниот имот се до септември 2006 година не се врши од Комисија


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

туку од вработените во одделението за утврдување на даноци што е спротивно на Законот за даноците на имот. Ова е од причина што Советот на општината не сакал да даде согласност за профисонална комисија, туку инсистирале истата да биде од редот на советниците.
Во септември 2006 година формирана е комисија со Решение донесено од Градоначалникот која не е верифицирана од Советот на општината.

**Препорака:**
Советот на општината како претставнички орган на граѓаните да воспостави услови за целосна примена на законските одредби и да одлучува во рамките на надлежностите на општината.

**10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. Ставките Побарувања и Пасивни временски разграничувања се потценети за износ од 451 илјади денари за неевидентираните побарувања од физички лица по основ побарувања за надомест за уредување на градежно земјиште, кои потекнуват од 1999 до 2004 година. Согласно Законот за облигациони односи, службите на општина Македонски Брод имаат покренато постапка за наплата на овие побарување пред надлежните судови. Неевидентирањето на побарувањата е спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и овозможува општината да нема реална состојба и увид на побарувањата.

**Препорака:**
Да се воведе аналитичка евиденција на побарувањата согласно позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја во моментот на настанување на истите.

11. Вкупниот ефект од наодите во точките 10.3. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2005 година во вкупен износ од 451 илјади денари.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.2. и 10.3., финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Македонски Брод на ден 31 Декември 2005 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Македонски Брод е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Прифатени и спроведени корекции во текот на ревизијата :

14.1. Побарувањата по основ на дадени аванси од Фондот за локални патишта, улици и комунално уредување на општина Самоков не се пренесе во евиденција на сметката на Буџетот на општина Македонски Брод во износ од 510 илјади денари. По укажување од ревизијата спроведени се книжења и пренесени се овие состојби во сметководствената евиденција на Буџетот на општина Македонски Брод.

14.2. Обврските од сметката на Буџетот на општина Самоков за примените аванси од Фондот за локални патишта, улици и комунално уредување на општина Самоков во износ од 510 илјади денари не се пренесе во евиденција на сметката на Буџетот на општина Македонски Брод. По укажување од ревизијата спроведени се книжења и пренесени се овие состојби во сметководствената евиденција на Буџетот на општина Македонски Брод.

**Скопје, 17.01.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 3.468 | 1.207 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 456 | 327 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 11.706 | 2.936 |
| **Вкупно приходи** | | **15.630** | **4.470** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 3.302 | 1.119 |
| Резерви и недефинарани расходи | 3.4.2. | 11 | 0 |
| Стоки и  услуги | 3.4.3. | 3.696 | 1.608 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.4. | 69 | 210 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **7.078** | **2.937** |
| **Капитални расходи** | 3.5. | 3.218 | 657 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **3.218** | **657** |
| **Вкупно расходи** | | **10.296** | **3.594** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **5.334** | **876** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 5.334 | 876 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.2 | 510 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.3 | 10 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4 | 500 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6.354** | **876** |
| **Вкупна актива** | | **6.354** | **876** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.2.1. | 510 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 5.844 | 876 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **6.354** | **876** |
| **Вкупна пасива** | | **6.354** | **876** |